# 458. МАМА ТОДЕ КАРАШЕ, НЕ ОДИ ТОДЕ КУМИТА




Мајка Тоде караше,
- Седи Тоде, не оди, /2
не оди, Тоде, кумита.

Тоде мајка не слуша,
си наметна мартинот, /2
си опаша силафот.

Синоќ дојде потера,
и за тебе прашаа:
- Дека ти е Тодета,
Тодета Бочварчето?

Се накачи в планина,
там' си најде дружина, /2
дружина верна зговорна.

Каракаш, Бранко. Антологиja на македонски нардони песни. Скопjе: Дега, 1995